Фабрика за заварени цевки и профили
11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво
Бр. 02 - 726
10.12 2024 год.
Куманово

Врз основа на член 59 и 60 од Статутот на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско Друштво Куманово и член 455, 456, 457, 459, 460 и 460-а од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на седницата одржана на ден 10.12.2024 година, со мнозинство гласови од претставени акции на собрание со право на глас кои немаат интерес во зделката, донесе:

**ОДЛУКА**

**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОЛЕМА ЗДЕЛКА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА**

Член 1

**СЕ ОДОБРУВА** склучување и реализација на голема зделка со заинтересирана страна на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово со Друштво за градежништво и трговија КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово како заинтересирана страна која се состои од склучување на Договор за заем, во кој Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово се јавува како Заемопримач а Друштво за градежништво и трговија КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово се јавува како Заемодавач, кој Договор е составен дел на оваа Одлука.

Член 2

Вредноста на зделката со Друштво за градежништво и трговија КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово, по основ Договор за заем, изнесува 400.000.000,00 денари, за период од 5 години.

Член 3

Вкупната вредност на наведената зделка од член 1 и 2 на оваа Одлука претставува повеќе од 2% од книговодствената вредност на имотот на Друштвото според последните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото, односно е над 20%, но не повеќе од 50% од книговодствена вредност на имотот на Друштвото, со што надминува 10% од вредноста на активата на Друштвото определена врз основа на последните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото заради што е потребно мислење од овластен ревизор а според одредбите на ЗТД и Статутот на Фабриката ова претставува голема зделка со заинтересирана страна која потпаѓа под правилата за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна.

Се утврдува дека за наведената зделка има Извештај за ангажман за разумно уверување во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна од овластен ревизор кој ги исполнува условите пропишани согласно Законот за ревизија и Законот за хартии од вредност.

Член 4

**ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА ВО ЗДЕЛКАТА Е:**

Се утврдува дека заинтересирана страна во зделката е **Друштво за градежништво и трговија КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово** (Заемодавач), како акционер, кое поседува повеќе од 20% од акциите со право на глас во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско Друштво Куманово, и истото го извести Одборот на директори дека согласно член 457 од ЗТД има статус на заинтересирана страна во

предложената зделка.

Член 5

**СТРАНИ ВО ЗДЕЛКАТА СЕ:**
Друштво за градежништво и трговија КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово (Заемодавач) и Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско Друштво Куманово (Заемопримач).

Член 6

**ПРЕДМЕТ НА ГОЛЕМАТА ЗДЕЛКАТА СЕ:**

- Одобрување и склучување на **Договор за заем**, на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО со Друштво за градежништво и трговија КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово, каде што Друштво за градежништво и трговија КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово се јавува во својство на заемодавач.

Член 7

Собранието на акционери на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово **потврдува и одобрува** дека согласно Законот за трговски друштва наведената зделка во член 1 и 2 од оваа одлука надминува 2% од книговодствената вредност на имотот на Друштвото според последните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото, односно е над 20%, но не повеќе од 50% од книговодствена вредност на имотот на Друштвото според одредбите на ЗТД и Статутот на Друштвото, и се утврдува дека оваа зделка потпаѓа под правилата за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна.

Член 8

Се потврдува дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на оваа Одлука согласно одредбите на Законот за трговските друштва и Статутот на друштвото.

Член 9

Се овластува и задолжува Извршниот директор при Одборот на директори на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово да го склучи и да го реализира договорот по правосилноста на оваа Одлука.

Член 10

Оваа Одлука за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна и склучување и реализација на договорот, влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери
ПРЕТСЕДАВАЧ